# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 10/2023 24.08.2023 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.28/2023 одржана на ден 23.08.2023 година, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ Никола Карев Пробиштип за учебната 2023/2024, бр. 26-828/3,
2. Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за учебната 2023/2024, бр. 26-828/4,
3. Одлука за обезбедени средства за експропријација за ул.Кочо Рацин Пробиштип бр. 26-828/5,
4. Програма за изменување на Програмат за изградба и одржување на општинските патишта и улици во Оштина Пробиштип за 2023 година бр. 26-828/6,
5. Одлука за утврдување надоместок за издавање простор и издавање на тезги по повод одржување на манифестацијата „Денови на спорт и култура“, а во врска со празникот 28 Август 2023 година бр. 26-828/7,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-828/9
23.08.2023 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Драган Анастасов с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2015, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) а во врска со член 108 став 1 алинеа 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019 и 229/2020), Советот на општина Пробиштип расправајќи по Годишната Програмата за работа на Општинското основно училиште „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2023/2024 година, а по предлог на Комисијата за општествени дејности, на седницата одржана на ден 23.08.2023 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2023/2024 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Годишната Програмата за работа на Општинското основно училиште „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2023/2024 година бр.01-362/1 од 15.08.2023 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Годишната Програмата за работа на Општинското основно училиште „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2023/2024 година бр.01-362/1 од 15.08.2023 година.

Член 3

Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-828/3 Совет на Општина Пробиштип
23.08.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2015, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) а во врска со член 108 став 1 алинеа 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019 и 229/2020), Советот на општина Пробиштип расправајќи по Годишната Програмата за работа на Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2023/2024 година, а по предлог на Комисијата за општествени дејности, на седницата одржана на ден 23.08.2023 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2022/2023 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Програмата за работа на Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2023/2024 година бр. 01-472/1 од 14.08.2023 година, со следната препорака: Да се искористи постоечкиот стручен наставен кадар при пополнување на часовите за соодветен стручен предмет, а доколку нема таков кадар да се пополнуват часовите согласно нормативите и насоките од Бирото за развој на образованието.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Програмата за работа на ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2023/2024 година бр. 01-472/1 од 14.08.2023 година.

Член 3

Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-828/4 Совет на Општина Пробиштип
23.08.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2015, 29/2015 и 23/2019) а во врска со член 26 став 1 точка 6 од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21 и 111/23), Советот на Општина Пробиштип на предлог на Градоначалникот, на седницата одржана на ден 23.08.2023 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**За определување средства за потполна експропријација во буџетот на општина Пробиштип**

**Член 1**

Со оваа одлука се определуваат средства за потполна експропријација на градежно земјиште во сопственост на физички лица, за реконструкција и изградба

на тротоари на дел од улица Кочо Рацин во Пробиштип, предвидена со Геодетски елаборат за посебни намени (за експропријација) деловоден.бр. 160/23-4 од 14.07.2023 година на Друштво за геодетски работи и услуги Гео-Сигма Груп доо Штип.

Средствата за експропријација се резервирани во буџетска програма ЕА-Капитални трошоци на општина Пробиштип за 2023 година од контото:

485420-Надомест за одземен имот во износ од 1.200.000,00 денари

Надоместокот за одземениот недвижен имот ќе се врши по цена утврдена со Извештајот од извршена проценка на пазарната вредност на недвижниот имот.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со објавување во Службен гласник на општина Пробиштип .

Број 26-828/5 Совет на Општина Пробиштип
23.08.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр 5/2002) и член 21 став1 точка 8 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2015, 29/2015 и 23/2019), на предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 23.08.2023 година , ја донесе следната :

## ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
## ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ
## НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
## ЗА 2023 ГОДИНА

Со оваа Програма се врши изменување на Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улици во општина Пробиштип за 2023 година бр 26-1072/19 од 24.11.2022 година и Програмата за изменување и дополнување на програмата за изградба и одржување на општински патишта и улици бр 26-557/5 од 26.05.2023 година и тоа:

**Подпрограма Јд – Изградба и реконструкција на општински патишта и улици**

-Во точката 11, Изградба на тротоари на дел од улица Кочо Рацин со должина од 570 м сумата од 4 770 000 денари од графата буџет се префрла во графата донација. Во графата буџет сумата изнесува 0.

- Во точка 20, Изградба на тротоари на дел од улиците Димитар Влахов и Тодор Александров до школо Никола Карев во Пробиштип сумата од 3 400 000 денари од графата донација се префрла во графата буџет, а во графата донација сумата изнесува 0.

-Вкупно во подпрограмата Јд место предвидените 25 824 000 денари во графата буџет се заменува со сума од 23 954 000 денари, а во графата донации сумата од 52 760 000 се заменува со сума од 54 130 000 денари.

Програмата за изменување на Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улици на подрачјето на општина Пробиштип за 2023 година стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-828/6 Совет на Општина Пробиштип
23.08.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2015, 29/2015 и 23/2019), а во врска со одржување на манифестацијата „Денови на спорт и култура“, по повод празникот 28 Август, на предлог на Градоначалникот, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 23.08.2023 годфина донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За утврдување надоместок за издавање простор и издавање на тезги по повод одржување на манифестацијата „Денови на спорт и култура“, за одбележување на празникот 28 Август 2023 година**

Член 1

Согласно Програмата за одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип за 2023 година бр.26-1072/23 од 24.11.2022 година (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.12/2022) се утврдува дека манифестацијата „Недела на спорт и култура“ ќе се одржи во деновите 24, 25, 26, 27 и 28 август 2023 година на следните локации: локацијата Кино сала при Дом на култура, плато пред Дом на култура, Градски плоштад Пробиштип, Секундарен градски плоштад и повеќенаменско игралиште, поделена во 5 дела и тоа: Фолк вечер, Рудар Рок фестивал, Вечер со македонски изведувачи, Вечер со балкански ѕвезди и Свечена академија на општина Пробиштип.

Член 2

За одржување на оваа манифестација во деновите 25, 26 и 27.08.2023 година од страна на општина Пробиштип се предвидува поставување на угостителска опрема и тоа:

На Секундарниот плоштад, предвидени се 2 локации за поставување на угостителска опрема, секоја во површина по 20 м$^2$, исклучиво наменети за храна (скара).

На просторот помеѓу општинската зграда и поштата, предвидени се тезги за продажба на сувенири, рачни ракотворби, грицки, пуканки, крофни, палачинки најмногу до 15 м$^2$, а на истите се забранува продажба на алкохолни и безалкохолни пијалоци и друга храна.

На Градскиот плоштад е предвидена една локација исклучиво за безалкохолни и алкохолни пијалаци (храна не смее да се служи) на површина од 20 м$^2$.

На просторот на повеќенаменското игралиште на 25.08.2023 год. ќе се постави еден шанк од 100 м$^2$.

Член 3

Закупот на локациите ќе се врши по пат на јавно наддавање кое ќе го спроведе Комисија формирана од Градоначалникот.

Почетната цена за закуп на локациите ќе изнесува :

- 40.000,00 денари за локација за простор каде ќе се служи храна.

-30.000,00 денари за локација за простор каде ќе се служат пијалаци.

-За повеќенаменското игралиште почетна цена на закуп на шанк од 100 м$^2$ на кој ќе се служи исклучиво пијалок ќе биде 30.000,00 денари, а заради големината на просторот предвидено е место за 1 шанк, оној закупец кој на лицитацијата ќе даде поголема цена, ќе ја добие предвидената локација за време на настанот „Рудар рок фест“.

-За изнајмување на простор за тезги ќе се плаќа за двата дена 3.000,00 денари за 2 м$^2$.

-За повеќенаменското игралиште за изнајмување на тезга е 2.000,00 ден. за 2м$^2$.

Во цената ќе бидат вкалкулирани трошоците за струја и за закуп на простор.

Минималниот чекорот за наддавање за локации за поставување на угостителска опрема ќе биде 2.000,00 денари, а за тезги ќе биде 100,00 денари.

Заинтересираните страни за да учествуват на јавното наддавање ќе треба да уплатат депозит во висина од ½ од почетната цена за јавното наддавање.

Член 4

Најповолните понудувачи се обврзуваат да склучат договор со општината со кој поблиску ќе ги уредат меѓусебните права и обврски.

Член 5

Средствата собрани од издавање на локации и тезги за време на одржувањето на манифестацијата „Денови на спорт и култура“ се приход на општина Пробиштип и истите ќе бидат искористени строго наменски за подмирување на дел од трошоците кои ќе настанат на манифестацијата.

Член 6

Оваа одлука стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-828/7
23.08.2023 година
Пробиштип

Совет на Општина Пробиштип
Претседавач,
Борче Миланов с.р.